# СОРАБОТКА МЕЃУ МАКЕДОНСКОТО НАУЧНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АУТИЗАМ И РОТАРИ КЛУБОТ СКОПЈЕ – „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

*Ана ПЕТКОВСКА*

Студент на постдипломски студии
Институт за дефектологија
Филозофски факултет

Примено: 09.01.2013
Прифатено: 11.01.2013

UDK: 061.235:616.89(497.7) (083.94)
364-32-7:616.89 (497.7) (083.94)

На 22 декември 2012 година Македонското научно здружение за аутизам (МНЗА) заедно со Ротари клубот Скопје – „Кирил и Методиј“ организираше предновогодишна забава за децата со аутистичен спектар на нарушување. Забавата се одржа во игротеката „Астера“ во Скопје, населба Тафталиџе и траеше околу 2 часа. На забавата присуствуваа 34 деца со аутистичен спектар на нарушување заедно со нивните браќа и сестри. Бидејќи поголемиот дел од децата се на безглутеинска диета, за нив беа направени пакетчиња со богат едукативен материјал и со специјализирани играчки токму за нив, а за нивните браќа и сестри се обезбеди пригоден број пакетчиња со слична содржина. Како дел од програмата беше и неодминливиот Дедо Мраз, кој според сценариото, се појави во одреден момент и им ги делеше пакетчињата на децата.

Од разбирливи причини, како персонални така технички и просторни, на самата прослава немаше можност да бидат присутни медиуми со фото и видеокамери. Тоа е истовремено и во интерес на запазување на желбата за анонимност на поголемиот број родители. Но, Ротари клубот обезбеди видео и фотодокументирање кои се веќе поставени на достапни интернет платформи (Facebook, Youtube, веб-страницата на МНЗА: www.mssa.org.mk).

Адреса за кореспонденција:
*Ана ПЕТКОВСКА*
Ул. Моша Пијаде бр. 119, Куманово
Република Македонија
Е-пошта: ana.petkovska@defektologija.org

# COOPERATION BETWEEN MACEDONIAN SCIENTIFIC SOCIETY FOR AUTISM AND ROTARY CLUB SKOPJE - CYRIL AND METHODIUS

*Ana PETKOVSKA*

Master’s degree student
Institute of Special Education and Rehabilitation
Faculty of Philosophy

Recived: 09.01.2013
Accepted: 11.01.2013

On 22nd of December 2012 the Macedonian Scientific Society for Autism (MSSA) together with the Rotary Club Skopje - Cyril and Methodius organized a New Year party for children with autistic spectrum disorder. The party was held in the playground Astera in Skopje, Taftalidze, and lasted for about 2 hours. The party was attended by 34 children with autistic spectrum disorder together with their siblings. Because the majority of children were on gluten free diet, there were packets with extensive educational material and specialized toys for them and a convenient number of packets with similar content was provided for their siblings. As a part of the program was the inevitable Santa who, according to the scenario, appeared at one point of time and gave the packets to the children.

From obvious reasons, personal, technical and spatial, there was no opportunity for the media with photo and video cameras to be present at the celebration. It is also in the interest of fulfilling the parents’ desire for anonymity. But Rotary Club provided video and photo documentation already set available on online platforms ("Facebook" "Youtube" the website MSSA: www.mssa.org.mk).

Corresponding Address:
*Ana PETKOVSKA*
Mosha Pijade Str. No.99, 1300 Kumanovo
Repubilc of Macedonia
e-mail: ana.petkovska@defektologija.org

Овде треба да се напомене дека Ротари клубот Скопје – „Кирил и Методиј“ спроведува проект за помагање и социјализација на децата со аутизам во Р. Македонија. Целиот проект, од самиот почеток се спроведува во целосна соработка и координација со членовите на МНЗА.

Овој проект опфаќа неколку фази и тоа:

1. **Првата фаза** се одржа во 2011 година со организација на мини ликовна работилница за деца со аутизам. На овој настан беа присутни околу 10 деца со аутизам. Колку за споредба бројката на децата оттогаш досега се зголеми за три и полпати.
2. Како резултат од ликовната работилница цртежите на децата се преточија во оригинални новогодишни честитки, што всушност претставуваше **втора фаза** од овој проект.
3. Во **третата фаза** честитките се нудеа на фирми и поединци, а собраните средства се насочија за повеќе цели и тоа: новогодишна забава во игротека со пригодна програма за родители и деца, обезбедување на пакетчиња со богат едукативен материјал и донација на средства за здружението МНЗА.
4. Како последна или **четврта фаза** од овој проект е праќањето на членови од МНЗА на специјализирани едукативни посети во други држави за дообука и специјализација за работа со деца со аутистичен спектар на нарушување.

It should be noted that the Rotary Club Skopje - Cyril and Methodius conducts a project for aiding and socialization of children with autism in the Republic of Macedonia. The entire project, from the outset is conducted in full cooperation and coordination with the members of the MSSA.

This project includes several phases:

1. The first phase took place in 2011 with the organization of mini art workshop for children with autism. The event was attended by about 10 children with autism. For comparison, the number of children from then until now increased by three and a half times.
2. As a result of the children's art workshop, the childrens’ drawings were transformed into original New Year postcards, actually they represented the second phase of this project.
3. Further, the postcards were offered to business companies and individuals, and the collected funds were directed for: New Year party for parents and children, providing packages with extensive educational material and donated funds for the association MSSA.
4. As final or fourth stage of this project is sending members of MSSA to specialized educational visits to other countries for additional training and specialization in working with children with autistic spectrum disorder.